Број на Службен весник: 236/2025
Датум на објава на Службен весник: 21.11.2025

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД

Врз основа на член 48-а став (8) од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15 и 30/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 18/20 и 74/25), министерот за економија и труд, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ИЗРЕЧЕНИТЕ ОПОМЕНИ

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на водење на евиденција за изречените опомени.

### Член 2

Евиденцијата за изречените опомени се води во електронска форма.

Евиденцијата од став 1 на овој член, содржи: реден број, број и датум на решението со кое е изречена опомената, назив и седиште на работодавачот, име и презиме на лицето кое го сторило прекршокот за кој се изрекува опомената, живеалиште/престојувалиште, кратко означување на видот на прекршокот за кој се изрекува опомената, име и презиме на инспекторот кој ја изрекол опомената и забелешка.

### Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на водење на евиденција за изречените опомени („Службен весник на Република Македонија“ бр. 174/20).

### Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 12-5619/1
18 ноември 2025 година
Скопје

Министер
за економија и труд,
**Бесар Дурмиши,** с.р.